# Образложение за неревидираните резултати
# за период 01.01. - 30.09.2022

**Сметководствени политики и методи на вреднување**

Во период за известување нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување на ставките во финансиските извештаи на Современ дом АД Прилеп.

**Вкупни приходи**

Современ дом АД Прилеп во периодот од 01.01.2022 година до 30.09.2022 година оствари вкупни приходи од 103.468 илјади денари кои се поголеми за околу 36 % во однос на истиот период во 2021 година. Во овој период остварен е позитивен финансиски резултат во износ од 17.683 илјади денари и споредбено со истиот период од минатата година е зголемен за 78%.

**Вкупни расходи**

Вкупните расходи изнесуваат 85.785 илјади денари и истите се зголемени за околу 35 % во однос на истиот период во 2021 година.

**Исплатени дивиденди**

Со Одлука на Собрание на акционери на Современ дом АД Прилеп од 31.05.2022 година, нето добивката во износ од 675.769 денари е распределена на следниот начин:

- 675.769 денари за задржана добивка за инвестициски вложувања

**Исполнувања на планот и очекувања за претстојниот период**

Современ дом АД Прилеп и во 2022 година планира да го задржи трендот на остварување на позитивен финансиски резултат со целосна определба на зголемување на обемот на работата.